РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ / MINISTRIA E FINANCATE
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ / BYROJA E PROKURIMIT PUBLIK
Бр.Nr. 01-667/1
01.04.2026 год.
С К О П Ј Е / SHKUP

Врз основа на член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 143/19, 14/20 и 208/24), согласно член 22 од Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 242/24), директорот на Бирото за јавни набавки донесе

## ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Бирото за јавни набавки

### Член 1

Со овој  Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Бирото за јавни набавки бр. 01-262/1 од 18.02.2022 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Бирото за јавни набавки бр. 01-262/6 од 06.09.2022 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Бирото за јавни набавки бр. 01-262/9 од 22.12.2022 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Бирото за јавни набавки бр. 01-1864/1 од 18.10.2023 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Бирото за јавни набавки бр. 01-603/3 од 12.03.2025 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Бирото за јавни набавки бр. 01-603/6 од 24.11.2025 година, и тоа:

### Член 2

Во глава III. Опис на работни места во Бирото за јавни набавки, член 10 точка 4. Сектор за административна проверка и претходно мислење, 4.1 Одделение за административна проверка, кај работното место со реден број 42 со шифра УПР0101В02000 и назив „Виш соработник за административна проверка„ во делот „Број на извршители„ бројот 2 се заменува со бројот 1:

| | |
|---|---|
| **Број на извршители** | 1 |



[1] 01-667/1 [2026]

**Член 3**

Во глава III. Опис на работни места во Бирото за јавни набавки, член 10 точка точка 7. Одделение за управување со човечки ресурси, работното место со реден број 70 со шифра УПР0101В04000 и назив „Помлад соработник за управување со човечки ресурси„ со број на извршители 1 се брише.

**Член 4**

Во глава III. Опис на работни места во Бирото за јавни набавки, член 10 точка 5. Сектор за правни и административни работи, 5.2 Одделение за административни работи, кај работното место со реден број 62 со шифра УПР0101Г01000 и назив „Самостоен референт за архивско и канцелариско работење„ во делот „Број на извршители„ бројот 1 се заменува со бројот 2:

| | |
|---|---|
| **Број на извршители** | 2 |

**Член 5**

Во глава III. Опис на работни места во Бирото за јавни набавки, член 10 точка 6. Одделение за финансиски прашања, кај работното место со реден број 67 со шифра УПР0101Г01000 и назив „Самостоен референт-ликвидатор„ во делот „Број на извршители„ бројот 1 се заменува со бројот 2:

| | |
|---|---|
| **Број на извршители** | 2 |

**Член 6**

Во глава III. Опис на работни места во Бирото за јавни набавки, член 10 точка 4. Сектор за административна проверка и претходно мислење, 4.2 Одделение за претходно мислење, кај работното место со реден број 45 со шифра УПР0101Б04000 и назив „Раководител на одделение за претходно мислење„ во делот „Вид на образование„ зборовите „општествени науки - економија и бизнис или право„ се заменуваат со зборовите „општествени науки - економија и бизнис, право или политички науки - (јавна администрација)„:

| | |
|---|---|
| **Вид на образование** | општествени науки - економија и бизнис, право или политички науки - (јавна администрација) |

**Член 7**

Во глава III. Опис на работни места во Бирото за јавни набавки, член 10 точка 7. Одделение за управување со човечки ресурси, работното место со реден број 68 со шифра УПР0101Б04000 и назив „Раководител на одделение за управување со човечки ресурси„ во делот „Вид на образование„ зборовите „правни науки или организациони науки и управување (менаџмент)„ се заменуваат со зборовите „општествени науки - право, економија и бизнис или политички науки - (јавна администрација)„:

| | |
|---|---|
| **Вид на образование** | општествени науки - право, економија и бизнис или политички науки - (јавна администрација) |

**Член 8**

Согласно извршените измени на текстот на Правилникот се вршат измени и дополнувања и на табеларниот преглед како составен дел на Правилникот.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација.

Бр. 01-667/1

01.04 2026 година

**Директор**

**д-р Маре Богева-Мицовска**